**24.**
Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на Република Македонија“ број 5/02), Советот на Град Скопје на триесет и осмата седница, одржана на 28 јануари 2015 година, донесе

**ПРОГРАМА**
**за активностите во областа на спортот и младите**
**во град Скопје, за 2015 година**

**ВОВЕД**

Според Законот за Град Скопје, член 10, во делот на надлежностите на Град Скопје, под точка 7, предвидено е:

Обезбедување услови за развој на квалитетен спорт во градот Скопје;
Организирање, поттикнување и помагање спортски манифестации и приредби од значење за градот Скопје; и
Изградба и одржување на спортски објекти од значење за градот Скопје.
Спортот во Градот Скопје има традиција, остварени вредности, изградени објекти, традиционални спортски манифестации, стручни кадри и секако граѓани кои го сакаат и го почитуваат спортот.

Градот Скопје како посебна единица на локалната самоуправа и десетте општини на подрачјето на градот, развојот на спортот може да го постигнат само со неделивост на спортот и негово поттикнување на целата негова територија во соработка со општините на подрачјето на градот Скопје.

Со Програмата за финансирање на традиционалните спортски манифестации што се одржуваат на подрачјето на градот Скопје, други манифестации, натпревари, турнири и спортски настани од особен интерес за Град Скопје, и сите активности од областа на спортот и младите на Град Скопје за 2015 година, се утврдуваат нејзините цели и активности и висината на средствата за нивно финансирање.

Програмата ги дефинира целите на спортската и младинската политика на Град Скопје, кои треба да ги исполнат носителите на спортските активности и активностите на младите во градот, односно тие да се во функција на развојот на спортот како и развојот на активностите на младите на Град Скопје во 2015 година.

Со цел, Програмата да опфати квалитетни, оригинални и разновидни спортски содржини и содржини за млади кои ќе го одразат и идентификуваат интересот на Град Скопје, Град Скопје по усвојување на оваа Програма, ќе распише јавен повик за распоредување на буџетски средства за финансирање програми и проекти во областа на спортот за 2015 година.

Исто така, Град Скопје ќе распише јавен повик за распоредување буџетски средства за финансирање програми и проекти во областа на младите за 2015 година.

Со оваа Програма, врз основа на критериуми за финансирање на програмите и проектите, се утврдуваат активностите на спортските настани, активностите на младите, како и активности и манифестации од интерес за Град Скопје за 2015 година и висината на средствата за нивна реализација.

## ЦЕЛИ

Основни цели на оваа Програма се:

Афирмирање на Градот Скопје како развиен спортски центар со европски карактеристики што соодветствуваат на неговиот статус на главен град на Република Македонија;
Зголемување на опфатот на млади граѓани со спорт и спортско рекреативни активности преку развој на училишниот спорт, обезбедувајќи организациска поставеност, средноучилишен градски систем на натпревари и поддршка на спортските активности на учениците од средните училишта во градот Скопје;
Создавање услови за настапи во земјата и во странство, на наши истакнати спортисти и на млади спортски надежи, и гостување во Градот Скопје на спортисти со постигнати врвни резултати во меѓународна конкуренција.
Развој и поддршка на програмите за спорт и рекреација на лицата со посебни потреби на подрачјето на град Скопје.
Остварување и унапредување на меѓународната спортска соработка.
Развој и поддршка на младите преку активностите на Локалната Младинска Стратегија на Град Скопје за периодот од 2014 до 2018 година.

## АКТИВНОСТИ

Активностите во областа на спортот и младите, Градот Скопје ќе ги насочи кон поттикнување, поддржување и помагање во остварувањето на целите на оваа Програма.

Во таа насока ќе се спроведуваат активностите за:

Поддршка и сочувување на континуитетот на традиционалните спортски манифестации за кои постои интерес кај граѓаните и кои се во интерес на развојот на спортот во градот Скопје;
Учество во организирање натпревари со силна меѓународна конкуренција кои на Град Скопје му обезбедуваат посебно место во календарите на светските спортски организации и асоцијации, и ги истакнуваат можностите на Град Скопје да биде организатор на врвни спортски манифестации;

Иницирање и реализирање посебни програми и проекти за создавање услови за спроведување спортски активности на спортитстите-аматери, на учениците и на младината, со посебен акцент на реализирање на спортските активности и натпревари на учениците во средните училишта на подрачјето на град Скопје
Поддржување на иницијативите и активностите за одвивање и развој на спортски дисциплини кои не се присутни во градот, а имаат значајно место на врвните меѓународни манифестации како и во спортскиот живот на главните градови и големите урбани центри во светот;
Овозможување на поинтензивна комуникација на спортистите и нивните здруженија со спортистите од збратимените градови, главните градови и големите урбани центри во регионот и светот, заради унапредување на меѓусебната соработка;
Активности во натпреварувачки и врвен спорт и спортска рекреација на граѓаните;
Спортско-рекреативни активности на лица со посебни потреби;
Спортска  Програма “13 Ноември“ – денот на ослободување на Скопје, избор на спортисти на годината на Град Скопје, меѓународни и локални натпревари од посебен интерес за Град Скопје;
Други активности за развој на масовниот спорт.
Активности во реализација на младинското дејствување кое е дел од Локалната Младинска Стратегија на Град Скопје.

## ОПШТИ КРИТЕРИУМИ

Со овие Критериуми се утврдува начинот на финансирање на спортски и младински проекти, програми и манифестации од јавен интерес за Град Скопје.

Средствата за финансирање на јавниот интерес во спортот и младите се обезбедуваат со Буџетот на Град Скопје и се утврдуваат со Годишна програма за во следните дејности:

## 1. ТРАДИЦИОНАЛНИ СПОРТСКИ МАНИФЕСТАЦИИ

Градот Скопје ќе ги финансира традиционалните спортски приредби и манифестации од локален, регионален, национален и меѓународен карактер, со цел зачувување на контиунитетот на вакви манифестации за кои има интерес од граѓаните и кои се во интерес на развојот на спортот во градот Скопје, со средства од Буџетот на Град Скопје, распоредени на организаторот (национална спортска федерација, или членка на национална спортска федерација).

Самото име традиционални спортски манифестации укажува дека Градот Скопје ќе финансира манифестации со кои имаат традиција минимум пет години, и оставиле значаен белег во развојот на спортот во градот Скопје.

Вреднувањето се одредува врз основа на:

Бројот на одржани традиционални манифестации до 10 години, до 20 години, до 30 години, до 40 години, до 50 години и над 50 години;
Дали се во календарот на меѓународна спортска асоцијација, во изминативе десет години, со статус и категорија на меѓународен натпревар;
Број на земји учеснички;
Број на учесници;

Остварени спортски резултати,
Манифестацијата е од регионален или национален карактер, со ограничен број на екипи и учесници, од интерес на единиците на локалната самоуправа и Градот Скопје.

Организаторот на традиционалната спортска манифестација кој конкурира за добивање на средствата од буџетот на Град Скопје доставува:

Програми и проекти за организација на спортска приредба или манифестација.
Финансиски план и извори на финансирање.
Организационен одбор на манифестацијата.
Спортисти, спортски екипи кои ќе настапат.

## 2. МАНИФЕСТАЦИИ ОД ОСОБЕН ИНТЕРЕС НА ГРАД СКОПЈЕ

Во областа на манифестации од особен интерес, Градот Скопје ќе ги финансира програмите, проектите и активностите на сите заинтересирани спортски субјекти кои ќе достават програми и проекти за организирање на манифестации и спортски настани од особен интерес на Град Скопје.

Градот Скопје преку поддршка на вакви спортски настани сака да покаже дека е способен да организира и меѓународни манифестации од највисок ранг. Градот Скопје секогаш ќе поддржува спортски манифестации кои во иднина ќе придонесат за популаризација на спортот и достојно репрезентатирање на можностите и потенцијалите на Град Скопје за организација на ваков тип на манифестации.

Вреднувањето се одредува врз основа на :
Дали се во календарот на меѓународна спортска асоцијација, во изминативе десет години, со статус и категорија на меѓународен натпревар;
Број на учесници;
Манифестацијата е од регионален или национален карактер, со ограничен број на екипи и учесници, од интерес на единиците на локалната самоуправа и Градот Скопје;
Остварени спортски резултати.

Организаторот на манифестацијата од особен интерес кој конкурира за добивање на средствата од буџетот на Град Скопје доставува:
Програми и проекти за организација на спортска приредба или манифестација.
Финансиски план и извори на финансирање.
Организационен одбор на манифестацијата.
Спортисти, спортски екипи кои ќе настапат.

## 3. ПОДДРШКА НА ПРОГРАМИ И ПРОЕКТИ НА ОСТАНАТИ СПОРТСКИ ОРГАНИЗАЦИИ ОД ИНТЕРЕС НА ГРАД СКОПЈЕ

Градот Скопје ќе ги финансира програмите, проектите и активностите за реализирање посебни програми во создавање услови за спроведување спортски активности на спортитстите-аматери, на учениците и на младината, со посебен акцент на реализирање на спортски активности и натпревари на учениците во средните училишта на подрачјето на градот Скопје. Град Скопје ќе поддржува иницијативи и активностите за одвивање и развој на спортски

дисциплини кои не се присутни во градот, а имаат значајно место на врвните меѓународни манифестации како и во спортскиот живот на главните градови и големите урбани центри во светот.

Овозможување на поинтензивна комуникација на спортистите и нивните здруженија со спортистите од збратимените градови, главните градови и големите урбани центри во регионот и светот, заради унапредување на меѓусебната соработка.

Град Скопје ќе поддржува и спортско-рекреативни активности на лица со посебни потреби на подрачјето на градот Скопје.

Вреднувањето се одредува врз основа на :
Број на учесници во активностите или манифестациите во поднесените програми и проекти;
Програмите и проектите се од регионален или национален карактер, со ограничен број на екипи и учесници, од интерес на единиците на локалната самоуправа и Градот Скопје;
Остварени спортски резултати.

Организаторот или носителот на програмите и проектите од останатите спортски организации од интерес на Град Скопје, кој конкурира за добивање на средствата од буџетот на Град Скопје доставува:
Програма за реализција на проекти, спортските активности и манифестации.
Финансиски план и извори на финансирање.
Број на учесници-спортисти, спортски екипи, училишни спортски екипи кои ќе настапат во програмите, проектите, спортските натпревари, спортските активности и манифестациите на подрачјето на градот Скопје.

**4. МЛАДИ И МЛАДИНСКА ПОЛИТИКА**
За да може да се спроведат активностите предвидени во Локалната Младинска Стратегија на Град Скопје (ЛМС), со цел унапредување на положбата на младите луѓе, предвидените средства од оваа Програма треба да послужат во делот на спроведување на активностите на ЛМС, утврдувајќи го начинот на нивно распределување, по пат на посебен јавен повик (конкурс) за доделување средства на оние организации или институции кои би превзеле одговорност за спроведување на одредени активности од акциониот план на ЛМС, како и низ генерална поддршка за развој на младински иницијативи и младински организации преку конкретни проекти за спроведување на активности од локалната Младинска Стратегија на Град Скопје.

**5. НАБАВКА НА СПОРТСКА ОПРЕМА И РЕКВИЗИТИ**
Согласно потребите во делот на часот по спорт и спортски активности на средните училишта на Град Скопје и потребите на лицата со посебни потреби на подрачјето на град Скопје, Град Скопје преку Секторот за јавни дејности – одделение за спорт ќе изготви детална спецификација со опис и количини на потребната спортска опема и реквизити, за кои преку Секторот за општи работи – одделение за јавни набавки на Град Скопје, ќе се спроведат постапки за доделување на договор за јавна набавка на спортската опрема и реквизитите, согласно одредбите на Законот на јавните набавки.

## 6. ДОПОЛНИТЕЛНО УТВРДЕНИ АКТИВНОСТИ ВО СПОРТОТ

Град Скопје ќе ги финансира програмите, проектите, активностите и манифестациите кои не се опфатени со претходни позиции на горенаведените пет точки од општите критериуми, а кои со својата актуелност, атрактивност, значење и квалитет, придонесуваат за остварување на програмските цели во областа на спортот на Град Скопје за 2015 година.
Вреднувањето се одредува врз основа на :

Број на учесници во активностите или манифестациите во поднесените програми и преоекти.
Програмите, проектите, активностите и манифестациите се од регионален или национален карактер, со ограничен број на екипи и учесници, од интерес на единиците на локалната самоуправа и Градот Скопје.
Остварени спортски резултати.
Организаторот на програмите, проектите, активностите и манифестациите од дополнително утврдени активности, кој конкурира за добивање на средствата од буџетот на Град Скопје доставува:
Програма за реализација на проекти, спортски активности и манифестации.
Финансиски план и извори на финансирање;
Спортисти, спортски екипи кои ќе настапат.

## РАСПОРЕДУВАЊЕ НА БУЏЕТСКИТЕ СРЕДСТВА

Средствата од буџетот на Град Скопје за 2015 година, од Л Програма - спорт и рекреација, потпрограма ЛО, потставка 463120 и потставка 423990 во износ од **12.240.000,00 денари**, се распоредуваат на основа на општите критериуми во оваа Програма и распишаниот јавен повик за распоредување на буџетски средства за финансирање програми и проекти во областа на спортот за 2015 година, како и распишаниот јавен повик за распоредување на буџетски средства за финансирање програми и проекти во областа на младите за 2015 година, земајќи учество на Градот Скопје за поттикнување, поддржување и помагање на следните активности од областа на спортот и младите.

### ГЛАВА 1
ТРАДИЦИОНАЛНИ СПОРТСКИ МАНИФЕСТАЦИИ

1. Меѓународен кајак натпревар “ИКАС“
   **Буџет: 180.000,00 ден.**

2. Меѓународен боксерски турнир “Златен Гонг“
   **Буџет: 200.000,00 ден.**

3. Меѓународен атлетски скопски маратон
   **Буџет: 1.300.000,00 ден.**

4. Меѓународен кугларски турнир “13 Ноември“
   **Буџет: 80.000,00 ден.**

5. Меѓународен мечувалечки турнир “Солидарност“
   **Буџет: 30.000,00 ден.**

6. Мото крос “Орман – Награда на Скопје“
**Буџет: 40.000,00 ден.**

7. Меѓународен турнир во пеливанско борење “Скопје Опен“
**Буџет: 30.000,00 ден.**

8. Турнир на медиуми во мал фудбал “Скопје 2015“
**Буџет: 100.000,00 ден.**

9. Избор на спортисти на годината на Град Скопје и награди за најдобрите спортисти и тренери
**Буџет: 260.000,00 ден.**

**ВКУПНО: 2.220.000,00 денари**

**ГЛАВА 2**

МАНИФЕСТАЦИИ ОД ОСОБЕН ИНТЕРЕС НА ГРАД СКОПЈЕ

1. Поддршка на инструктори за бесплатна обука на граѓани и рекреативци на одбојкарските и на ракометното игралиште на песок
**Буџет: 300.000,00 ден.**

2. Меѓународен шаховски турнир “Скопје Опен 2015“
**Буџет: 100.000,00 ден.**

3. Светски ден на планината Матка 2015
**Буџет: 30.000,00 ден.**

4. Меѓународен турнир во одбојка на песок “Градска Плажа Скопје 2015“
**Буџет: 800.000,00 ден.**

5. Турнир во ракомет на песок „Градска Плажа Скопје 2015“
**Буџет: 60.000,00 ден.**

6. Гран-При турнир во стрелаштво “Скопје 2015“
**Буџет: 30.000,00 ден.**

7. Градски турнир во мал фудбал “8 Септември Скопје 2015“
**Буџет: 150.000,00 ден.**

8. Меѓународен младински турнир во ракомет Скопје 2015
**Буџет: 70.000,00 ден.**

9. Ноќна атлетска трка низ улиците на Скопје
**Буџет: 60.000,00 ден.**

10. Ноќна велосипедска трка низ улиците на Скопје
**Буџет: 60.000,00 ден.**

11. Меѓународен турнир за кадети во борење (слободен стил)
**Буџет: 80.000,00 ден.**

12. Меѓународен младински турнир во борење по повод 13 Ноември
**Буџет: 80.000,00 ден.**

13. Меѓународен турнир во Скејтинг, БМХ и Ролерки
**Буџет: 80.000,00 денари**

14. Градски турнир во мал фудбал „Награда на Скопје 2015"
**Буџет: 150.000,00 ден.**

15. Меѓународен ватерполо турнир
**Буџет: 60.000,00 ден.**

16. Вечер на сите боречки вештини
**Буџет: 60.000,00 ден.**

17. Меѓународен турнир во карате
**Буџет: 50.000,00 ден.**

18. Скопје Куп – Меѓународен младински турнир во голем фудбал, ракомет, кошарка и одбојка
**Буџет: 100.000,00 ден.**

19. Меѓународен турнир во мал фудбал "Спортив Чаир 2015"
**Буџет: 100.000,00 ден**

20. Поддршка на инструктори за бесплатна обука на лица со посебни потреби во спортските сали на средните училишта на Град Скопје
**Буџет: 300.000,00 ден.**

**ВКУПНО: 2.720.000,00 денари**

## ГЛАВА 3
## ПОДДРШКА НА ПРОГРАМИ И ПРОЕКТИ НА ОСТАНАТИ СПОРТСКИ ОРГАНИЗАЦИИ ОД ИНТЕРЕС НА ГРАД СКОПЈЕ

1. Програми преку проектот – развој на училишниот спорт на средните училишта во градот Скопје: Лига систем и турнир систем натпревари во сите колективни и индивидуални спортови во машка и женска конкуренција во регионалниот и националниот систем на натпревари на училишниот спорт во Македонија.
**Буџет: 2.000.000,00 ден.**

2. Програма преку проекти за посета на збратимени градови на градските репрезентации на средните училишта во градот Скопје (како награда на најдобрите спортисти-ученици во минатата учебна година)
**Буџет: 1.000.000,00 ден.**

3. Програми и проекти за масовен рекреативен спорт на граѓаните на Скопје

**Буџет: 300.000,00 ден.**

4. Програми за активности на лица со посебни потреби на подрачјето на град Скопје Спортски активности во: Шах, игра “Голбол“, стрелаштво, пинг-понг, одбојка и други.

**Буџет: 300.000,00 ден.**

5. Средства за Медиумска презентација на спортски настани поддржани од програмата за спорт за 2015 година

**Буџет: 200.000,00 ден.**

**ВКУПНО: 3.800.000,00 денари**

## ГЛАВА 4
МЛАДИ И МЛАДИНСКА ПОЛИТИКА

1. Млади и младинска политика на Град Скопје –

**Буџет: 500.000,00 денари**

**ВКУПНО: 500.000,00 денари**

## ГЛАВА 5
НАБАВКА НА СПОРТСКА ОПРЕМА И РЕКВИЗИТИ

1. Набавка на спортска опрема и реквизити за средните училишта на Град Скопје

**Буџет: 750.000,00 денари**

2. Набавка на спортска опрема и реквизити за лица со посебни потреби

**Буџет: 750.000,00 денари**

**ВКУПНО: 1.500.000,00 денари**

## ГЛАВА 6
ДОПОЛНИТЕЛНО УТВРДЕНИ АКТИВНОСТИ ВО СПОРТОТ

1. Дополнително утврдени активности - Средствата распоредени за дополнително утврдени активности ќе се насочуваат кон активности кои не се опфатени со претходните позиции на оваа Програма, а со својата актуелност, атрактивност, значење и квалитет, придонесуваат за остварувањето на програмските цели во областа на спортот на Град Скопје за 2015 година.

**Буџет: 1.500.000,00 денари**

**ВКУПНО: 1.500.000,00 денари**

**ВКУПНО ЗА ЦЕЛАТА ПРОГРАМА: 12.240.000,00 денари**

ФИНАНСИРАЊЕ

Средствата за реализирање на Програмата за активностите на Градот Скопје во областа на спортот во 2015 година, се обезбедуваат од Буџетот на Град Скопје за 2015 година и тоа:

- **За Традиционални спортски манифестации (Глава 1)............................................................................................................. 2.220.000,00 ден.**
- **За Манифестации од особен интерес на Град Скопје (Глава 2)....... .................................................................................... 2.720.000,00 ден.**
- **За Поддршка на програми и проекти на останати организации од интерес на Град Скопје (Глава 3) ............................ 3.800.000,00 ден.**
- **За млади и младинска политика (глава 4)................ 500.000,00 ден.**
- **Набавка на спортска опрема и реквизити (Глава 5)........................... .................................................................................... 1.500.000,00 ден.**
- **За Дополнително утврдени активности во спортот (Глава 6) .................................................................................... 1.500.000,00 ден.**

**ВКУПНО: 12.240.000,00 денари**

**ЗАВРШНА ОДРЕДБА**

Оваа програма влегува во сила со денот на објавувањето во “Службен гласник на Град Скопје“.

Број 07 –993/1 СОВЕТ НА ГРАД СКОПЈЕ

28 јануари 2015 година ПРЕТСЕДАТЕЛ,

С к о п ј е м-р Ирена Мишева,с.р.